Влада на Република Северна Македонија

Република Северна Македонија Бр. _____ _____година

Предлагач:	

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот:	**Реформска агенда и План за Реструктуирање на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје (2025-2027)**
	ЕПП бр. _____

Усогласеност со Годишната програма на Владата:

(Да се наведе дали согласно ГПВРСМ, материјалот е со висок приоритет, среден приоритет, дали е или не е поврзан со стратешките приоритети или материјалот не е предвиден со годишната Програма)

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:

ДА	ДЕЛУМНО	НЕ

Карактер на материјалот:

слободен пристап		

Итност на материјалот:

На следна наредна седница

Прилози:

- Акционен План за Реструктуирање и развој на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје (2025-2027)
- Акционен план со временски рокови – Табеларен приказ

Дата на доставување на материјалот:	**ПОТПИС:**
31 / 1 / 2025 година Скопје	В.Д. Претседател наУправен одбор на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје --- Дејан Кошутиќ

Влада на Република Северна Македонија

ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
HEKURUDHAT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT TRANSPORT SHA - SHKUP

ИНСТИТУЦИЈА:

М Е М О Р А Н Д У М

НАСЛОВ: (како што е во придружното писмо)
Реформска агенда и План за Реструктуирање на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје (2025-2027)

ПОТПИС: _____

Дејан Кошутиќ

Скопје,
31.1. 2025 година

1000 Скопје, ул. „Трета македонска бригада" 66, Поштенски фах 547, Тел: (02) 3248 701
Централа: (02) 3116 773, Телефакс: (02) 3248 719, E-mail: mztransportad@mztransportad.com.mk
Жиро сметка: 210062528260160, ЕДБ МК 4030007643250, Депонент: NLB ТУТУНСКА БАНКА - СКОПЈЕ

1000 Shkup, Bul. Brigada e III-të Maqedonase nr. 66, Fahu postal 547, Tel.: + 389 (0) 2 3248 701
Qendra tel.: 389 (0) 2 3116 773, Telefaksi: + 389 (0) 3248 719, e-mail: mztransportad@mztransportad.com.mk
Xhirollogaria: 210062528260160, NVT MK 4030007643250, Deponent: NLB TUTUNSKA BANKA - SHKUP

1.Осврт по материјалот:
Овој план ги дефинира стратегиските насоки за развој и модернизација на железничкиот транспорт во Република Северна Македонија за периодот 2025-2027 година. Планот е усогласен со барањата на ЕУ, вклучувајќи ги директивите од Четвртиот железнички пакет и целите на Европскиот зелен договор (EU Green Deal). Овој документ исто така ги интегрира препораките од Реформската Агенда за реформирање на управувањето, финансиската стабилност и Зајакнување на оперативните капацитети. Во согласност со најновите законски измени, се предлага адаптација на регулативите за транспарентност, интероперабилност и финансиска одговорност на железничкиот оператор.
2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):
3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:
4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош:

ДА	

Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:	
ДА	НЕ
5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)	
ДА	НЕ

6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори:
7. Решение кое се препорачува (со образложение):
Владата ја разгледа и усвои Реформската агенда и Планот за Реструктуирање на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје (2025-2027).
8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:
9. Очекувани влијанија:
10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:

ДА	НЕ
11.Оценка на Министерството за информатичко општество и администрација по материјалот:	
	НЕ
12. Клучни информации за информирање на јавноста:	
Содржина на информацијата:	

Реформска агенда и План за Реструктуирање на

ЖРСМ Транспорт АД – Скопје (2025-2027)

Влада на Република Северна Македонија

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

1. Назив на предлогот:	**2. Министерство / орган на државна управа :**
3. Цел на предлогот:	**4. Вид на предлог:**
5. Контакт лице и звање:	**6. Контакт тел./факс или е-пошта:**
Ѓорѓи Станковски, дипл. информатичар	075 444-035, gorgistankovski@mztransportad.com.mk
7. Активност:	

8. Вид на барање:		
( ) Регулатива во врска со ЕУ	( ) Нова програма	( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми
( ) Друга нова регулатива	( ) Зголемување / намалување на постоечка програма	( ) Спојување на две или повеќе програми
9. Цел на барањето / предложената активност:		
10. Врска со владината програма:		

11. Фискални импликации:	**(илјади денари)**			
	2025	**2026**	**2027**	**2028**
А.Вкупни трошоци за предлогот Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно				
В.Одобрени средства за предлогот Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно				
С.Промена (разлика) од одобрените средства (В-А) Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно				
D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно				
Е. Нето импликации на средствата на органот (С-D) Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери				

Вкупно				
F. Зголемување / намалување на приходите				
G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците Извор: _____				
12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот:				
13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G)				
14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение				
15. Дата на завршување на проценката				
16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење				
17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии				
18. Измени побарани од Министерството за финансии				
19. Одговор на министерството-предлагач:				
20. Одговор од Министерството за финансии:				
21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог				
22. Одобрено / Дата:				
_____ Потпис на државен секретар или директор на орган	31/ 1/ 2025 Ден / месец / год.			

Влада на Република Северна Македонија

Образложение

Реформска Агенда и План за реструктурирање на ЖРСМ Транспорт 2025-2027

Овој план ги дефинира стратегиските насоки за развој и модернизација на железничкиот транспорт во Република Северна Македонија за периодот 2025-2027 година. Планот е усогласен со барањата на ЕУ, вклучувајќи ги директивите од Четвртиот железнички пакет и целите на Европскиот зелен договор (EU Green Deal). Овој документ исто така ги интегрира препораките од Реформската Агенда за реформирање на управувањето, финансиската стабилност и Зајакнување на оперативните капацитети. Во согласност со најновите законски измени, се предлага адаптација на регулативите за транспарентност, интероперабилност и финансиска одговорност на железничкиот оператор.

Реформска Агенда 4.1.5: Унапредување на Управувањето со Државни Претпријатија

Реформа на управувањето со државните претпријатија, со фокус на **железничкиот транспорт**.

Предизвици
Во моментов, управувањето со државните компании (ДК) и јавните претпријатија (ЈП) е регулирано со сложена и фрагментирана правна рамка, која ги вклучува:

- Законот за трговски друштва
- Законот за јавни претпријатија
- Други закони што регулираат: извршување на буџетот, финансиска контрола, приватизација, конкуренцијаа, хартии од вредност и други.

Оваа правна комплексност:

- Го отежнува усогласувањето со прописите.
- Води кон недоволна финансиска ефикасност и квалитет на услугите.
- Лишува од унифицирани правила и јасни насоки, што резултира во различни практики и нејасни државни улоги.
- Создава изолирани процеси на надзор во различни министерства.

Цел на Реформата
Зајакнување на управувањето со државните претпријатија, вклучително и правната рамка за ЈП и АД, со што ќе се подобрат нивната финансиска ефикасност, оперативна ефективност и квалитетот на услугите.

Корисници

- **Државна железничкаинфраструктура и државен оператор**.
- Владата на Република Северна Македонија и нејзините министерства.
- Правни лица и физички лица кои се во деловни односи со железничките оператори.

Резултати

- Одржливо и ефикасно управување на **железничкиот оператор**.
- Подобрен корпоративен менаџмент, финансиска ефикасност и оперативна ефективност.
- Зголемен обем на товарен и патнички сообраќај.

Индикатори и Временска рамка на Реформата

Цели:

- **Преструктурирање на железничкиот оператор** со цел елиминирање на оперативните загуби до фискалната 2027 година.
- **Зголемување на показателите за товарен и патнички сообраќај.**

Основна состојба (2023):

- **Товарен сообраќај:** 238,780 т/км
- **Патнички сообраќај:** 280,440 патници/година

Целни вредности (2027):

- **Товарен сообраќај:** 274,597 т/км
- **Патнички сообраќај:** 322,506 патници/година

Временска рамка:

- **Усвојување на План за преструктурирање:** јануари 2025
- **Имплементација:** 2025–2027

Одговорни институции:

- ЖРСМ Транспорт АД - Скопје, Министерство за транспорт, Министерство за финансиисо поддршка од меѓународни финансиски институции и ЕУ фондови.

Следење и Известување

- ЖРСМ Транспорт АД - Скопје
- **Министерство за транспорт:** реформи на управувањето на јавните претпријатија во секторот **железници**.
- **Министерство за економија:** правна рамка.
- **Редовни ажурирања и финансиски извештаи** објавени на годишно ниво.

ПЛАН ЗА РЕСТРУКТУРИРАЊЕ (2025-2027)

1. Планови и рокови за реструктуирање

Планот за реструктуирање на државниот железнички оператор и управителотна железничката инфраструктура ќе биде усвоен до јануари 2025 година. Имплементацијата ќе ги опфаќа фискалните години од 2025 до 2027 година, со цел да се избегнат оперативни загуби, почнувајќи од 2027 година, и да се постигне финансиска стабилност.
Клучните чекори вклучуваат:

- Избор на нови членови на Управен Одбор преку отворени процеси базирани на мерит-систем.
- Фокусирање на зголемување на приходите, намалување на неефикасноста и оптимизирање на процесите.

- Редовно следење од страна на Министерството за транспорт преку работна група и тримесечни извештаи.

2. Финансиска стабилизација и инвестициски потреби

Напорите за стабилизирање на финансиите вклучуваат насочени инвестиции во инфраструктурата и возниот парк.
Клучните елементи се:

- Инвестирање во модернизација и поправка на постоечките локомотиви и вагони.
- Набавка на нови локомотиви за да се реши оперативниот дефицит на возниот парк, за кој се бара околу 24 милиони евра.
- Усогласување со министерстватаи меѓународните финансиски институции за да се обезбеди потребното финансирање.
- Зголемена транспарентност преку редовно објавување на финансиски извештаи и извештаи за перформанси.
- Репрограмирање на заостанати долгови кон домашни добавувачи и странски партнери.
- Превземање на долгови кон странски железници, од страна на Владата на РСМ, врз основа на ратификувани меѓународни договори.
- Финансирање преку: сопствени средства, државен буџет, меѓународни финансиски институции, „зелени„ програми и грантови.

3. Оперативни подобрувања

Оперативната ефикасност ќе биде подобрена преку:

- Обновен фокус на товарните операции по Коридорот 10 за да се задоволи зголемената побарувачка.
- Обновување на патничките услуги со подобрени услови на превоз, како што се подобрена хигиена и удобности.
- Стратешки надградби на возниот парк за да се обезбеди сигурност и ефикасност во транспортот.
- Намалување на граничнитезастои на клучните премини, Табановце и Гевгелија.

Товарен транспорт:

Бр.	Опис	2024	План 2025	План 2026	План 2027
1.	**Превезени тони во**	**808.250**	**933.528**	**1.073.557**	**1.234.590**
	Локален	571	659	795	914
	Меѓународен превоз	**807.679**	932.869	1.072.799	1.233.719
	Увоз	390.028	450.483	518.055	595.763
	Извоз	78.528	90.700	104.305	119.951
	Транзит	339.123	391.686	450.439	518.005
2.	**НТКМ во**	**144.998.082**	**167.472.784**	**192.593.702**	**221.482.757**
	Локален	100.354	115.909	133.295	153.289
	Меѓународен превоз	**144.897.728**	**167.356.876**	**192.460.407**	**221.329.468**
	Увоз	43.627.911	50.390.238	57.948.774	66.641.090
	Извоз	17.167.099	19.827.999	22.802.199	26.222.529
	Транзит	84.102.718	97.138.639	101.995.571	117.294.907

Патнички транспорт:

Бр.	Опис	2024	План 2025	План 2026	План 2027
1.	**Превезени патници во**	**170.601**	**250.215**	**285.760**	**313.760**
	Локален превоз	170.601	250.215	275.760	302.760
	Меѓународен превоз	0	0	10.000	11.000
2.	**ПКМ во**	**18.796.166**	**25.061.554**	**285.237**	**313.760**
	Локален превоз	18.796.166	25.061.554	275.237	302.760
	Меѓународен превоз	0	0	10.000	11.000

Зајакнување на оперативните капацитети

Решавањето на предизвиците поврзани со зајакнувањето на оперативните капацитети е од суштинско значење за оперативен успех. Клучните иницијативи вклучуваат:

- Ангажирање на млади и квалификувани инженери за пополнување на техничките работни позиции.
- Програми за привлекување нови кадри преку соработка со универзитети и технички факултети.
- Програми за обука за машиновозачи и персонал за одржување, за подобрување на способностите на работната сила во транспортот и одржувањето на возниот парк.
- Проактивно планирање за решавање на потенцијалните недостатоци во работната сила, обезбедување на квалификуван персонал.

4. Мониторинг и транспарентност

Реформската Агенда дава приоритет на транспарентноста и одговорноста преку:

- Квартални прегледи од страна на работната група за реформа на железницата со која претседава Министерството за транспорт.
- Јавна достапност на финансиските и оперативните извештаи на интернет-страницата на компанијата.
- Јасна распределба на одговорностите за секоја фаза од процесот на реструктуирање и реформи.

5. План за енергетска ефикасност

Овој план претставува стратегија за рационализација на потрошувачката на електрична енергија и воведување мерки за енергетска ефикасност (ЕЕ) во Железници на РСМ – Транспорт АД - Скопје. Планот се фокусира на намалување на оперативните трошоци преку примена на обновливи извори на енергија, подобрување на системите за греење и осветлување, како и оптимизација на постоечките инфраструктурни капацитети.

- Намалување на потрошувачката на електрична енергија за 15% до 2027 година.
- Зголемување на користењето на обновливи извори на енергија (фотоволтаици, и сл.).
- Намалување на трошоците за греење преку транзиција кон градско централно греење.
- Модернизација на системите за осветлување и воведување паметни системи за контрола на енергијата.

Овој план претставува значаен чекор кон намалување на оперативните трошоци и зголемување на енергетската независност на Железници на РСМ – Транспорт АД - Скопје. Преку овие мерки, компанијата

ќе придонесе кон остварување на националните и европските цели за енергетска ефикасност и еколошките мерки.

6. Дигитализација

Проектот за дигитализација и надградба на ИТ инфраструктурата претставува клучен чекор во модернизацијата на „ЖРСМ ТранспортАД - Скопје“. Овој проект е дел од севкупниот реформски план за периодот 2025-2027 и има за цел да ја зголеми ефикасноста, безбедноста и конкурентноста на железничките услуги преку автоматизација на процесите, воведување на ERP систем и сајбер безбедносни решенија.

- Модернизација на застарената ИТ мрежа – инсталација на нови сервери, рутери и мрежна опрема.
- Имплементација на ERP систем за интегрирано управување со ресурсите и деловните процеси.
- Автоматизација на административните и логистичките процеси за намалување на времето за обработка на документи.
- Зголемена сајбер безбедност – воведување на firewall, VPN и системи за заштита на податоците.
- Обука и развој на вработените во насока на користење на новите системи и технологии.

Овој проект ќе ја зголеми ефикасноста на железничките услуги, ќе придонесе кон значителни заштеди и ќе ја подготви компанијата за модерни предизвици.
Реформска Агенда претставува сеопфатен пристап кон ревитализација на железничкиот транспорт. Со одржливи напори во реструктуирање, финансиска стабилизација, оперативни подобрувања и развој на работната сила, компанијата има за цел да постигне долгорочна одржливост и значително да го подобри квалитетот на услугите.

Dejan Koshutikj

Digitally signed by Dejan Koshutikj
Date: 2025.04.17 09:30:40 +02'00'

В.Д. П Р Е Т С Е Д А Т Е Л
на Управен Одбор на
ЖРСМ Транспорт АД – Скопје

Дејан Кошутиќ